АНГЛИСКИ ЈАЗИК И КНИЖЕВНОСТ
Времетраење на студиите: 4 години

ЕКТС кредити: 240

**Цел и оправданост за воведување на студиската програма**

Педагошкиот факултет во Битола континуирано ги следи промените во окружувањето исо своите активности се приспособува кон барањата што произлегуваат од тие промени.Соочена со предизвикот да понуди актуелни, современи и квалитетни наставнипрограми, што истовремено претставува и стратегиска цел, оваа високообразовнаинституција со децении успешно одговара на предизвиците на современиот образовен процес, а сотоа дава значаен придонес во развојот на Универзитетот ,,Св. Климент Охридски“ – Битола.Студиската програма Англиски јазик и книжевност еконципирана така што обезбедува стекнување на компентенции кои се општественооправдани и корисни. Педагошкиот факултет ги има дефинирано основните задачи ицели на образованието на висококомпетентен кадар и со реализација на вака конципираната студиска програма, се образуваат наставници по англиски јазик коиимаат компетентност во европски и светски рамки.

**СПЕЦИФИЧНИ ДЕСКРИПТОРИ на квалификацијата со кои се одредуваат резултатите од учењето за поединечна студиска програма согласно со Уредбата за националната рамка на високообразовните квалификации**

**Знаење и разбирање**

- Покажува знаење и разбирање на фонетско-фонолошките, морфолошките, морфосинтаксичките, синтаксичките, лексичките и стилистичките карактеристики на македонскиот и на англискиот јазик во функција на различни преведувачки контексти
- Покажува знаење и разбирање за теориите на преведувањето (природата, начинот на функционирање на процесот на преведување), за историјата на преведувањето во светот и во Македонија, за современите теории на преведувањето
- Покажува знаење и разбирање за компетенциите кои треба да ги поседува преведувачот за успешно да се инкорпорира во потребите на пазарот на трудот
- Покажува знаење и разбирање за контекстуализација на комуникациските содржини
- Покажува знаење и разбирање за различните техники и модели за преведување
- Покажува знаење и разбирање на терминологијата од најразлични области (книжевност, политика, европски интеграции, социологија, економија, архитектура, религија, медицина, право, техника итн.) и на англиски и на македонски јазик
- Покажува знаење и разбирање на основите на методолошката работа
- Покажува знаење и разбирање за приспособување кон мултикултурните околности
- Покажува знаење и разбирање на компјутерските програми за преведување
- Покажува знаење и разбирање за сознанија од другите научни подрачја релевантни за преведувчката дејност
- Ја знае и ја разбира работната етика

**Примена на знаењето и разбирањето**

- Го применува знаењето и разбирањето на фонетско-фонолошките, морфолошките, морфосинтаксичките, синтаксичките, лексичките и стилистичките особености на македонскиот и на англискиот јазик во различни превдувачки контексти
- Го применува знаењето од теориите за процесите на преведување и за нивното функционирање
- Го применува знаењето и разбирањето на компетенциите кои треба да ги поседува за да одговори на потребите на современиот пазар на трудот
- Го применува знаењето и разбирањето за концептуализација на комуникациските содржини
- Го применува знаењето и разбирањето на различните техники и модели за преведување
- Го применува знаењето и разбирањето на терминологијата од најразлични области (книжевност, политика, европски интеграции, социологија, економија, архитектура, религија, медицина, право, техника итн.) и на англиски и на македонски јазик
- Го применува знаењето и разбирањето на основите на методолошкиата работа
- Го применува знаењето и разбирањето на приспособување кон мултикултурните околности
- Го применува знаењето и разбирањето на компјутерските програми за преведување
- Го применува знаењето и разбирањето на сознанијата од другите научни подрачја релевантни за преведувачкиот контекст
- Го применува знаењето и разбирањето на работнта етика

**Способност за проценка**

- Способен е  да проценува преведувачки проблем врз основа на јасно артикулирани стандарди
- Способен е  да ги проценува предностите и недостатоците на стратегии и техники за собирање, анализа и интерпретација  на податоци
- Способен е да ги проценува импликациите од различни научни истражувања
- Способен е да ги проценува предностите и недостатоците на техниките и моделите за преведување на текстови од сите сфери на човековото живеење и дејствување преку превод на научни, стручни и технички текстови
- Способен е соодветно да ја употребува терминологијата од различни области на човековот живеење и дејствување (книжевност, политика, европски интеграции, социологија, економија, архитектура, религија, медицина, право техника и др.)
- Способен е да ги проценува и да се приспсобува кон мултикултурните околности
- Способен е да ги проценува компјутерските програми за преведување
- Способен е самостојно да изведува заклучоци и да донесува соодветни одлуки

**Комуникациски вештини**

- Способен е да презентира знаења за преведувачки проблеми на македонски и на англиски јазик пред професионална и непрофесионална јавност
- Ги пренесува своите знаења и разбирања на соодветен начин во професионален контекст и  во различни институции
- Способен е да комуницира заради размена на знаењето и збогатување на искуството
- Способен е да контекстуализира комуникациски содржини

- Способен е да комуницира со терминологијата од најразлични области (книжевност, политика, европски интеграции, социологија, економија, архитектура, религија, медицина, право итн.) и на англиски и на македонски јазик
- Способен е да анализира го текстот или говорот и да изделува релевантните наспрема подредените идеи или пораки
- Способен е да воспоставува успешна интеракција со поединци и институции од доменот на професионалниот интерес

**Вештини на учење**

- Ги следи научните достигнувања во областа на преведувањето
- Професионално се усовршува во полето на преведувањето
- Ја менува сопствената практика врз основа на стекнатото искуство

Листа на предмети

Семестар 1

**Современ англискијазик** 1( ЕКТС 6)

Систематизација на познавањата од англискиот јазик во употреба и постигнување на Б2 ниво
Дополнување на познавањата од англискиот јазик во употреба стекнати до крајот на средното образование
Конкретни цели:
Систематизација и развивање на јазичните вештини:

- Читање и разбирање
- Пишување со разбирливост и успешно пренесување на порака и содржина
- Слушање и разбирање
- Говорење со разбирливост и успешно пренесување на порака и содржина

**Современ македонски јазик 1** (ЕКТС 6)

Цели на предметот: Проширување и продлабочување на знаењата за СМЈ како основно средство за комуникација на фонетско-фонолошко, морфолошко и лексичко ниво. Оспособување за самостојно усно и писмено изразување, зацврстување на свеста за значењето на македонскиот јазик како најкаратеристичен белег на националниот идентитет. Усвојување на нормите на СМЈ на сите нивоа и нивна примена во усното и писменото изразување. Развивање на критички однос кон медиумите и развој на јазичната култура.

**Дескриптивна граматика на АЈ (ЕКТС: 6)**

Систематизација на познавањата од англиската граматика и важноста на нејзината примена, а стекнати до крајот на средното образование.
Дополнување на  познавањата од англиската граматика и важноста на нејзината примена, а стекнати до крајот на средното образование

**Педагошка практика (ЕКТС: 2)**

Запознавање со училишната клима, култура, организацијата на наставните и вонnаставните активности во основното училиште, запознавање со административната, стручната, воннаставната и наставната дејност во основното училиште.

**Англо-американска историја и култура (ЕКСТ: 5)**

Со слушањето на овој предмет студентите стекнуваат општи знаења за историјата, цивилизацијата и културата на Велика Британија и Соединетите Американски држави.

**Странски јазик – Германски јазик 1 (ЕКТС: 5)**

Изучување на германскиот јазик со посебен осврт кон терминологијата употребувана во воспитно-образовната работа и користење на литература и софтвер на германски јазик.

**Странски јазик – Француски јазик 1 (ЕКТС: 5)**

Изучување на францускиот јазик со посебен осврт кон терминологијата употребувана во воспитно-образовната работа и користење на литература и софтвер на француски јазик.

**Македонски јазик како странски јазик (за странски студенти) (ЕКТС: 5)**

Усвојување на јазични компетенции што се соодветни на нивото А1 и А2 според Општата европската референтна рамка. Оспособување за користење на секојдневни изрази и фрази за задоволување на основните потреби. Се оспособува да се претстави себеси и другите, да поставува и одговара на прашања за лични податоци, за местото каде живее, луѓето што ги познава, работите што ги има. Се оспособува да комуницира на едноставен начин, доколку соговорникот зборува бавно и му помага.  Студентот може да разбира реченици и често користени изразиповрзани со области од најнепосредна важност (на пр. најосновни лични и семејни информации, шопинг,локална географија, вработување).Може да комуницира при едноставни и рутински задачи кои бараатедноставна и рутинска размена на информации за познати или рутински нешта.Може со едноставнитермини да опише нешта од својата биографија, непосредната околина и нешта од области нанепосредна потреба.
Студентот може да разбира реченици и често користени изразиповрзани со области од најнепосредна важност (на пр. најосновни лични и семејни информации, шопинг,локална

географија, вработување).Може да комуницира при едноставни и рутински задачи кои бараатедноставна и рутинска размена на информации за познати или рутински нешта.Може со едноставнитермини да опише нешта од својата биографија, непосредната околина и нешта од области нанепосредна потреба.

**Латински јазик (ЕКТС: 5)**

Студентите се запознаваат со класичната писменост, со книжевните споменици и со граматичката структура на латинскиот јазик. Студентите стекнуваат знаења за фонолошките, морфолошките, лексичките и синтаксичките карактеристики на латинскиот јазик, стекнуваат увид во етимологијата на модерната научна терминологија и се запознаваат со интернационализмите како појава во современите светски јазици.

**Информатичка писменост (ЕКТС: 5)**

Запознавање на студентите со функционирање на компјутерот, запознавање со работа на оперативни системи и работа со софтверски пакети. Стекнување на фундаментални знаења, умеења и вештини за користење на Интернет.

**Современ англиски јазик 2 (ЕКТС:6)**

Систематизација на познавањата од англискиот јазик во употреба и постигнување на Б2 ниво
Дополнување на познавањата од англискиот јазик во употреба стекнати до крајот на САЈ 1
Конкретни цели:
Систематизација и развивање на јазичните вештини:
- Читање и разбирање
- Пишување со разбирливост и успешно пренесување на порака и содржина
- Слушање и разбирање
- Говорење со разбирливост и успешно пренесување на порака и содржина

**Фонетика и фонологија на АЈ (ЕКТС:6)**

Студентот да усвои правилен изговор на гласовите во англискиот јазик (самогласки, дифтонзи и согласки), како и да се запознае со нивната фонемска и фонетска транскрипција.

**Англиска книжевност (ЕКТС:6)**

Изучување на историјата на англиската литература од нејзините почетоци до 19 век, со образложување на историските, социјалните, културните и цивилизациските предуслови што се рефлектирале врз развојот на англиските литературни жанрови: усна традиција, поезија, проза, драма, роман. Студентите се стекнуваат со способност за жанровско препознавање, парафразирање и критичка анализа на литературен текст, како и препознавање на употребените стилски изразни средства и фигури.

**Современ македонски јазик 2 (ЕКТС:6)**

Проширување и продлабочување на знаењата за СМЈ како основно средство за комуникација на синтаксичко, лексиколошко и фразеолошко ниво. Оспособување за самостојно усно и писмено изразување, зацврстување на свеста за значењето на македонскиот јазик како најкаратеристичен белег на националниот идентитет. Усвојување на нормите на СМЈ на сите нивоа и нивна примена во усното и писменото изразување. Развивање на критички однос кон медиумите и развој на јазичната култура.

**Организација на образование (ЕКТС:6)**

Студентите да планираат, организираат, реализираат иевалвираат облици на образование ; да се оспособат студентите за практикување на вештини за реализација на воспитно-образовниот процес; избор и практикување на концептите за образование; способност за селекција, избор и адаптација на знаењето

оспособеност за изработка на индивидуални курикулуми за образование оспособеност на студентите за евалвација на сопственото и образование на другите

**Граѓанско и мултикултурно образование (ЕКТС:6)**

- Формирање и развој на одговорни и компетентни граѓани, кои ќе учествуваат активно во јавниот живот на едно демократско општество.
- Поттикнување и развивање на интелектуалните способности и способностите за активно учество и критичко мислење.
- Помагање на учесниците во воспитно-образовниот процес да дојдат до потребните знаења за животот во околината што ги опкружува и да ја зголемат способноста за самостојно донесување на разумни одлуки - да научат како да мислат, наместо што да мислат.

- Разбирање на институциите на нашата уставна демократија и фундаменталните принципи и вредности според кои е создадена
- Развој на способности за соработка, битна карактеристика на успешен и одговорен граѓанин
- Разбирање и подготвеност да се користат демократски постапки кога се учествува во донесување на одлуки и разрешување на конфликтни ситуации, како во јавниот, така и во приватниот живот.
- Развивање на способност за идентификување на проблеми, поставување на прашања во врска со нив и преземање на активности за разрешување
- Помагање на учесниците во воспитно-образовниот процес да создадат лична посветеност за прифаќање на одговорности, поврзани со правата што ги имаме како граѓани
- Прифаќање на одговорности што се основа на континуитетот на постоењето на општествата-засновани врз идеалите на правда, еднаквост, слобода и човекови права.
- Прифаќање на сличностите меѓу културите и почитување на разликите кои постојат меѓу културите
- Способност за остварување интеракција меѓу припадниците на различни културни/етнички/јазични заедници, неопходна за компетентно живеење во мултиетничко општество (намалување на предрасудите и зголемување на соработката)
- Поддршка на демократското формирање и функционирање на ученичките тела на ниво на паралелка и на ниво на училиште
- Развивање свест кај учесниците во воспитно-образовниот процес за потребата за почитување на другите култури и комуницирање со припадници на другите етнички заедници преку реализација на работилниците за животни вештини

Поттикнување кооперативна атмосфера при реализација на здедничките активности

**Филозофија во образование (ЕКТС:6)**

- усвојување на базични поими од обласна на филозофијата
- усвојување на знаења за хронолошкиот развој на филозофските идеи поврзани со воспитанието и образованието
- развивање на способност за креирање на образовни политики
- развивање на способност за автономно и креативно мислење
- стекнување на способност за донесување на заклучоци и предлози со логичка аргументација
- развивање свест за почитување на правото на различност и отворање кон другите култури
- разбирање на базичниот филозофски концепт за обезбедување на еднакви права и можности за образование на децата
- стекнување на способност за интеркултурна комуникација и соработка

**Социологија на образование (ЕКТС:6)**

-Познавање и разбирање на општественатаусловеност и законитости на образованието и образовниот процес
- Познавање и разбирање на односите и врските на образованието со одделните општествени сфери
- Совладување на теориско – методолошкиот пристап на социологијата на образованието
- Познавање на функциите на образованието
- Познавање и разбирање на општествените механизми кои влијаат врз градењето и интернализацијата на вредностите
- Познавање на влијанието на општествената стратификација во образовниот процес – социјалното потекло, општествениот статус и припадноста кон одредени општествени групи
- Познавање на улогата на образованието во превенирање и санирање на девијатното поведение, како и на влијанието на масовните медиуми
- Познавање на фазите на социјализација и нивното влијание во градењето на личноста
- Познавање на улогата на компјутерите и компјутеризацијата на образованието како и позитивните придобивки и последиците од истото

**Современ англиски јазик 3 (ЕКТС:5)**

Систематизација на познавањата од англискиот јазик во употреба и постигнување на Б2 ниво
Дополнување на познавањата од англискиот јазик во употреба стекнати до крајот на САЈ 1
Конкретни цели:
Систематизација и развивање на јазичните вештини:

- Читање и разбирање
- Пишување со разбирливост и успешно пренесување на порака и содржина
- Слушање и разбирање
- Говорење со разбирливост и успешно пренесување на порака и содржина

**Морфологијана англискиот јазик (ЕКТС:5)**

Да се усвојат основните поими во морфологијата, видовите афикси, зборови и видовите на деривациски процеси во англискиот јазик.

**Педагогија (ЕКТС:5)**

Наставниот предмет пред се придонесува кон развојот на следните општи и специфични компетенции:

- Познавање и разбирање на основните педагошки поими
- Способност за согледување на меѓусебната поврзаност меѓу поимите, појавите и процесите во педагошката дејност
- Оспособување за анализа на промените во педагошката сфера
- Согледување на основите на педагошкото делување во воспитно – образовните институции и училници

Формирање на целосна слика за комплексниот карактер на педагошкото работење

**Вештини на академско пишување (ЕКТС:5)**

Студентите ќе се запознаат со правилата на академското пишување, ќе се оспособат за пишување на стручни и научни трудови што покрај другото е во функција на изработката на дипломскиот труд и можноста од нејзино публикување; техники на изработување на научно-истражувачки трудови, процесот на уредување на текстот и публикација на истиот.

**Педагошка практика (ЕКТС:2)**

Студентот да се запознае со:

1. Организационата структура во училиштето (органограмот) и организација на времето и активностите на сите субјекти во средното училиште
2. Работата на стручната служба (педагог, психолог, логопед, дефектолог,...) – присуство на  најмалку една сесија (работа на дефектолог со дете со посебни образовни потреби, логопед – со дете...)
3. Принципот инклузија (опис на активностите поврзани со инклузијата: наставникот, дефектологот, логопедот, психологот, педагогот, родителите,...)
4. Организацијата и активностите на учениците (младинска организација, матурски одбор, ученички совет...)
5. Административна работа на наставникот
6. Планирањето на наставата (годишен глобален план, месечно (тематско или процесно) планирање, неделно и дневно планирање)
7. Микропедагошките компоненти на часот (комуникацијата (вербална и невербална) меѓу субјектите во наставата (наставник-ученик, ученик-ученик,...)
8. Описот на работата на секциите (литературна, драмска, новинарска, играорна,...)
9. Оценувањето
10. Екстерното оценување (подготовка на наставниците, учениците, стресот,..)
11. Однесувањето на учениците во училиштето надвор од наставните часови (доаѓање, заминување, за време на малите и големите одмори,...). Насилството во училиштето (вербално, невербално...)

*Забелешка: Студентот треба стекнатите сознанија да ги поврзува со знаењата здобиени во текот на претходните два семестра по педагошка практика за да може да направи споредба во однос на организацијата на наставната дејност меѓу основното и средното училиште.*

**Компјутерски потпомогнато учење на англискиот јазик (ЕКТС:4)**

Запознавање на студентите со софтверски пакети кои помагаат изучување на англискиот јазик. Изучување на правопис преку компјутерскки игри. Стекнување на фундаментални знаења преку користење на Интернет.

**Култура и комуникации (ЕКТС:4)**

- Познавање и разбирање на социолошките и психолошките законитости и потреби на поединецот поврзани со основите на комуницирањето и на деловното комуницирање
- Организирање на активно и самостојно учење на основните принципи на комуницирањето и подготовка на студентите за ефикасно деловно комуницирање
- Вежбање на модели и „играње улоги“ кои се сретнуваат во секојдневните деловни односи
- Автономност, (само) критичност, (само)проценување, (само)евалвација и придонесување за квалитет.
- Комуникациски предности, соработка и тимска работа.
- Вештина на преговарање.
- Вештина за говорење.

**Критичка писменост (ЕКТС:4)**

Студентот да располага со терминологија поврзана со критичката писменост (поим за писменост и видови писменост) и да може методички да моделира наставни часови за равој на критичката писменост кај учениците: развивање свесност кај учениците за начинот на функционирање на јазикот во текстовите, анализа на елементите кои се присутни, маргинализирани или отсутни во текстовите од аспект на значењето кое се создава, улогата на перспективата на раскажување во создавањето значење, свесност за повеќезначноста на текстот и неговата определеност од општествено-културната заедница, давање можност повторно да се напише текстот, реконструктивно читање на литературни текстови.

**Деловен англиски јазик (ЕКТС:4)**

Целта на предметот е студентите да се оспособат за деловна комуникација на англиски јазик, односно учество на деловни состанови, преговарање, претставување на свои бизнис планови, идеи и презентации, деловна кореспонденција (понуди, нарачки, барања, жалби и сл.).Стекнатото знаењето на студентот му помага за градењепрофесионален пристап кон неговата идна професија, но и го оспособува со компетенции за идентификација, анализа и решавање проблеми преку пронаоѓање аргументи и поткрепување на истите на јазикот кој што го студира.

**Компаративни религиски системи (ЕКТС:4)**

- Запознавање и дефинирање на поимот религија
- Познавање на различните класифиикации на религиите
- Познавање на основањето, основачите, развојот и карактеристике на големите светски живи религии
- Познавање на значењето, улогата и функцијата која религијата ја има за поединецот и заедниците
- Познавање на симболите, светите книги, ритуалите и обичаите во големите светски живи религии
- Развој на интеркултурата кај студентите
- Развој на почит кон различностите
- Познавање на улогата на религиозните вредности во одржување и чување на мирот во одредена заедница и светот воопшто

Познавање на состојбите во Р. Македонија во областа на религијата

**Современ англиски јазик 4 (ЕКТС: 5)**

Систематизација на познавањата од англискиот јазик во употреба и постигнување на Б2 ниво
Дополнување на познавањата од англискиот јазик во употреба стекнати до крајот на САЈ 1
Конкретни цели:
Систематизација и развивање на јазичните вештини:

- Читање и разбирање
- Пишување со разбирливост и успешно пренесување на порака и содржина
- Слушање и разбирање
- Говорење со разбирливост и успешно пренесување на порака и содржина

**Лексикологија на англискиот јазик (ЕКТС:5)**

Студентот да се стекне со основните поими од областа на англиската лексика.

**Педагошка психологија (ЕКТС:5)**

*Наставната единица придонесува пред сé кон развојот на следните општи и специфични компетентности:*
Познавање и разбирање на психолошките законитости и потреби на поединецот
Организирање на активно и самостојно учење и подготовка на учениците за ефикасно учење
Флексибилно користење на знаењето во пракса
Синтетичко, аналитичко, креативно мислење како и решавање на проблемите
Познавање и разбирање на теоретските основи на советодавната работа
Подготовка за проверка и оценување на знаењето и достигнувањата на учениците, како и формирање на feedback информации за училишната работа.
Автономност, (само)критичност, (само)проценување, (само)евалвација и придонесување за квалитет.
Способност за комуникација, соработка/тимска работа.
Организација на активно и самостојно учење, оспособување на учениците за ефикасно учење
Оспособување за проверка и оценување на знаење и достигнување на учениците, како и формирање на повратни информации
Совладување на постапките и принципите на советодавната работа и планирање како и изведување на интервенциските програми
Разбирање и користење на курикуларните теории како општото и дидактичкото знаење на предметното подрачје.

**Шекспирологија (ЕКТС:5)**

Здобивање со книжевно-теоретски знаења и компетенции; развивање на способноста за воспоставување корелација со предметните содржини предвидени со дадената предметна програма со знаења и компетенции усвоени со претходно проучуваната материја од областа на англиската книжевност.Усовршување на способноста за толкување на книжевен текст на лексичко и семантичко ниво, како и усовршување на способноста за анализа, синтеза, парафраза и експликација на зададениот корпус текстови.

**Психолингвистика (ЕКТС:3)**

Студентите стекнуваат знаења за истражувањата од областа на општата и применетата психолоингвистика.

**Култура на говор (ЕКТС:3)**

Запознавање со основните поими на културата на говор-запознавање со карактеристиките на писмената и усната комуникација, со историјата на реториката и говорништвото. Студентот да стекне знаења и вештини за културата на говор, односно за изразувањето во согласност со постојната стандарднојазична норма. Развивање на свеста за односот на поединецот и општеството кон јазикот. Култивирање на сопственото писмено и усно изразување, оспособување за критичко размислување и за организација на писмен и устен исказ на одредена тема-интерпретирање ставови и аргументи, презентирање на факти за одредена тема.Оспособување на студентот за подготовка на говор и јавен настап и негова реализација, учество во различни видови дискусии, дебати и др.

**Социолингвистика (ЕКТС:3)**

Стекнување на знаења за научните текови и за применетите истражувања од областа на општата и применетата социолингвистика.

**Вовед во превод – АЈК(ЕКТС:3)**

Разјаснување на основните елементи, на општите принципи и на етапите во процесот на преведување.
Запознавање на студентите со основните преведувачки проблеми и техники и постапки за нивно надминување. Студентите да се запознаат со историјата на преводот, теориските основи на преводот како посебни активности, со видовите превод и со основните теориски концепти на превод: јазични, филолошки и комуникативни
Да им се развие способноста во целост да го разберат процесот на преведување и примената на различни модели и методи, со цел да се постигне еквивалентност на содржината изразена на изворниот јазик и на целниот.

**Инклузивна педагогија (ЕКТС: 3)**

Стекнување на знаења за значењето и начините на образовна инклузија на деца од ранливи групи/со посебни воспитно-образовни потреби и развивање на способности и вештини за создавање на инклузивна средина за учење.

**Етика во образование (ЕКТС: 3)**

- усвојување на базичните поими од областа на етиката
- усвојување на знаења од областа на педагошката етика
- развивање на етичка свест за професионална должност
- развивање на способност за мултикултурна и интеркултурна комуникација и соработка
- градење на капацитет за емпатија и социјална правда
- јакнење на способност за критичко мислење и донесување на морална проценка

развивање на способност за примена на етичкото знаење во воспитно-образовниот процес

**Современ англиски јазик 5 (ЕКТС: 4)**

Систематизација на познавањата од англискиот јазик во употреба и постигнување на Ц1 ниво
Дополнување на познавањата од англискиот јазик во употреба стекнати до крајот на САЈ4/Б2
Конкретни цели:
Систематизација и развивање на јазичните вештини:

- Читање и разбирање
- Пишување со разбирливост и успешно пренесување на порака и содржина
- Слушање и разбирање
- Говорење со разбирливост и успешно пренесување на порака и содржина

**Семантика на англискиот јазик (ЕКТС: 4)**

Студентот да се запознае со основните поими во семантиката на англискиот јазик.

**Историја на англискиот јазик (ЕКТС:4)**

Студентот да се стекне со познавања од историјата на англискиот јазик, односно како јазикот се менувал во текот на различни епохи и под влијание на различни општествени и историски фактори претрпувал значителни промени на фонолошко, лексичко, семантичко, синтаксичко и ортографско ново. Притоа студентот анализирајќи ги фазите од историскиот развој на англискиот јазик треба да се стекне со способност за анализа, синтеза и заклучување преку примена на компаративниот метод на истражување.

**Дидактика (ЕКТС:4)**

- студентот реализира дидактичка артикулација на процесот на учење во наставата
- студентот ја планираат, подготвува, реализира и евалуира наставата и учењето
- студентот е автономен при реализацијата на курикулумот
- студентот ги знае, разликува, применува и критикува целите на наставата и учењето
- студентот го препознава, разликува, избира и критикува планирањето и примената на оперативните елементи на наставата (форми на наставна работа, методи на наставна работа, дидактички принципи, наставни средства-медии)
- студентот ги планира, реализира и евалуира наставните и вон-наставните активности
- студентотработи со и на педагошка документација
- стидентот креира и се справуваат со промените во училницата, наставата и учењето
- студентот има критички однос кон дидактичката литература
- студентот планира рефлексивно поучување

**Педагошка практика (ЕКТС:2)**
Запознавање со наставната дејност по англиски јазик  во основното и средното училиште

**Англиските преводи на македонската книжевност (ЕКТС:4)**
Главната цел на овој курс е студентите темелно да се запознаат со спектарот прашања кои се јавуваат во современата теорија на преведување книжевен текст од јужнословенски јазик односно од македонски на англиски јазик.
Студентите ќе бидат способни да ги препознаат обработените/применетите техники и постапки, како и другите сродни концепти што биле искористени во при преводувањето од македонски на англиски.

**Контрастирање на оригинал и превод - книжевен текст (ЕКТС:4)**
Студентите ќе бидат способни да ги препознаат обработените/применетите техники и постапки, како и другите сродни концепти и што се користат во практиката на преводот

Главната цел на овој курс е студентите темелно да се запознаат со спектарот прашања кои ги проучува современата теорија на преведување книжевен текст.

**Медиумска култура во наставата (ЕКТС:4)**
Студентите да се запознаат со влијанието на медиумите во пренесувањето и во создавањето на културните вредности, да согледаат дека овие вредносни системи неопходно треба да се градат врз еднаква застапеност на културните разлики во медиумските содржини и можноста за примена на медиумите како средства за учење во наставата. Да го согледаат значењето на  поликултурно, етички и естетски организираните медиумски содржини во развојот на културата на општеството и соодветно да ги применуваат за целите на наставата во процесот на поучување.

**Јавен настап (ЕКТС:4)**
Запознавање со основните поими за јавен настап ,запознавање со карактеристиките на писмената и усната комуникација, со историјата на реториката и говорништвото. Студентот да стекне знаења и вештини за јавниот настап, односно за изразувањето во согласност со постојната стандарднојазична норма. Развивање на свеста за односот на поединецот и општеството кон јазикот. Култивирање на сопственото писмени и усно изразување, оспособување за критичко размислување и за организација на писмен и устен исказ на одредена тема-интерпретирање ставови и аргументи, презентирање на факти за одредена тема.Оспособување на студентот за подготовка на говор и јавен настап и негова реализација, учество во различни видови дискусии, дебати и др.

**Современ англиски јазик 6 (ЕКТС:5)**
Систематизација на познавањата од англискиот јазик во употреба и постигнување на Ц1 ниво
Дополнување на познавањата од англискиот јазик во употреба стекнати до крајот на САЈ5/Б2
Конкретни цели:
Систематизација и развивање на јазичните вештини:
- Читање и разбирање
- Пишување со разбирливост и успешно пренесување на порака и содржина
- Слушање и разбирање
- Говорење со разбирливост и успешно пренесување на порака и содржина

**Синтакса на САЈ (ЕКТС:5)**
Целта на предметната програма е студентите да се запознаат со синтаксичката теорија и широкиот опсег на синтаксички структури во англискиот јазик. Студентите треба да развијат способност за детална анализа на фрази и разни видови реченици (прости, составни, сложени) и нивните функции. Преку откривање на корелациите меѓу форма и функција на фразно и реченично ново студентите се оспособуваат за аналитичното мислење.

**Когнитивна лингвистика (ЕКТС:5)**
Запознавање на студентите со предметот на когнитивната лингвистика (поврзаноста на мислата, значењето и лингвистичката структура) и нејзините основни концепти (конструал, перспектива, форграундинг, метафора и рамка), како и со истражувањата од оваа област.

**Контрастирање на оригинал и превод - некнижевен текст (ЕКТС:5)**
Главната цел на овој курс е студентите темелно да се запознаат со спектарот прашања кои ги проучува современата теорија на преведување некнижевен/стручен текст

Студентите ќе бидат способни да ги препознаат обработените/применетите техники и постапки, како и другите сродни концепти и што се користат во практиката на стручен превод.

**Библиотекарство (ЕКТС:5)**
Студентите да се мотивираат за библиотечно образование; Студентите да планираат, организираат, реализираат иевалвираат облици на образование за библиотечно работење; Да се оспособат студентите за практикување на вештини за избор на демократски облици на образование; Избор и практикување на концептите за демократско образование; Способност за селекција, избор и адаптација на знаењето; Оспособеност за изработка на индивидуални курикулуми за образование за демократија; Оспособеност на студентите за евалвација на сопственото и образование на другите.

**Методика на воспитната работа (ЕКТС:5)**
Наставниот предмет пред се придонесува кон развојот на следните општи и специфични компетенции:
- Познавање и разбирање на основните поими во методиката на воспитната работа
- Способност за согледување на меѓусебната поврзаност меѓу поимите, појавите и процесите во воспитната работа
- Оспособување за анализа на промените во педагошката сфера
- Формирање на целосна слика за комплексниот карактер на воспитнота работа

**Креативно музичко изразување (ЕКТС: 5)**

Синтетичко, аналитичко, креативно мислење и решавање на проблеми;
вештини за флексибилно користење на знаењето во пракса;
знаење за содржината и методологија на областа;
познавање и разбирање на законитостите и факторите на музички развој и индивидуалните разлики меѓу децата и младите, познавање и разбирање на музичко творечките процеси и музичкиот континуитет на децата и младите,
способност за комуникација, соработка/тимска работа
- интерперсонални вештини
Користење на информационите-комуникациските технологии;
запознава, разбира, и се насочува кон инклузивна,недискриминирачка работа, мултикултура.

**Креативно математичко изразување (ЕКТС: 5)**

Наставниот предмет пред се придонесува кон развојот на следните општи и специфични компетенции:
- развој на креативно мислење и изразување
- усвојување на основите на базичното знаење во професјата
- флексибилна употреба на знаења во пракса
- способност за комуникација, соработка/тимска работа
- интерперсонални вештини
- синтетичко,аналитичко, креативно мислење и решавање на проблемите
- способност за генерирање на нови идеи (креативност)

**Креативно ликовно изразување (ЕКТС:5)**

Синтетичко, аналитичко, креативно мислење и решавање на проблеми;
вештини за флексибилно користење на знаењето во пракса;
знаење за содржината и методологија на областа;
познавање и разбирање на законитостите и факторите на ликовен развој и индивидуалните разлики меѓу децата и младите, познавање и разбирање на ликовно творечките процеси и ликовниот континуитет на децата и младите,
способност за комуникација, соработка/тимска работа
- интерперсонални вештини
Користење на информационите-комуникациските технологии;
запознава, разбира, и се насочува кон инклузивна,недискриминирачка работа, мултикултура

**Современ англиски јазик 7 (ЕКТС:5)**
Систематизација на познавањата од англискиот јазик во употреба и постигнување на Ц2 ниво
Дополнување на познавањата од англискиот јазик во употреба стекнати до крајот САЈ6
Конкретни цели:
Систематизација и развивање на јазичните вештини:
- Читање и разбирање
- Пишување со разбирливост и успешно пренесување на порака и содржина
- Слушање и разбирање
- Говорење со разбирливост и успешно пренесување на порака и содржина

**Прагматика (ЕКТС:5)**
Целта на овој предмет е студентите да се стекнат со знаење од областа на прагматиката, односно да се оспособат да разберат и дискутираат за важни концепти од областа на прагматиката. Со оглед на тоа дека акцентот се става на проучување на процесот на генерирање и интерпретирање на исказите и на она што лежи во нивната позадина, студентите ќе се оспособат за анализа на природен говорен и пишан текст структурно и функционално.

**Методика на наставата по англиски јазик и книжевност (ЕКТС:5)**
Оспособување на студентите своите стекнати знаења од областа на образовните и воспитните предмети да ги применат во наставата по англиски јазик и да се подготват за изведување на настава по англиски јазик со ученици од различни возрасни групи. Оспособување на студентите своите стекнати знаења од областа на образовните и книжевни предмети да ги применат во наставата по англиски јазик и да се подготват за изведување на настава по англиски јазик со ученици од различни возрасни групи.

**Американска книжевност (ЕКТС:5)**
Запознавање на студентите со американското литературно творештво започнувајќи од Колонијалниот период па се до постмодерното време- селектирани поеми од Бредстрит, Е. Тејлор, П. Витли, Ф. Френо, Волт Витман, Е. Е. Камингс, В. Стивенс, А. Секстон, С. Плат и уште многу други. Обработка на одредени прозни текстови од Томас Џеферсон, Ралф Валдо Емерсони други. Запознавање со расказот како книжевен жанр; тематско-проблемските преокупации на модерниот американскиот расказ и различните видови на раскази. Обработка на романи од американската книжевност со детална анализа како од содржинска така и од стилистичка страна како на пример дела од Твејн, Џејмс, Фицџералд, Хемингвеј, и многу други. Драмски текстови од Тенеси Вилијамс и други американски драматурзи.

**Педагошка практика (ЕКТС:2)**
Запознавање со наставната дејност по англиски јазик во основното и средното училиште.

**Методика на креативно пишување (ЕКТС:4)**

Студентот да

- Ги истражи своите можности за создавање на оригинални литературни текстови,
- Ги знае основните карактеристики на различните видови текстови,
- Учествува во критичка анализа на креативните продукти напишани од други студенти,
- Презема ризици при креативното пишување,
- Уредува и да прави ревизија на текстот што го напишал,
- Развива дивергентно мислење.

**Активности во наставата (ЕКТС:4)**
Студентите треба: да се запознаат и да ги разберат основните законитости на учечките и поучувачките активности во наставата; да се запознаат, да ги разберат и да го применат планирањето, подготовката, организацијата и реализацијата на активностите во наставата по јазик; да умеат да ги операционализираат целите во квалитетни активности и да ги подобрат постигањата на учениците; да умеат да ги анализираат наставните програми од апект на активностите на учениците; да се запознаат и да ги земаат предвид

детерминантите на активностите во наставата; да се оспособат за следење на активностите на учениците кои се показатели за ефектите од процесот на учење; да се запознаат и да ги применуваат современите модели и пристапи на учење од аспект на активностите на учениците.

**Воспитно-образовната организација и средината (ЕКТС:4)**

Студентот да се оспособи за:

- воспитно-образовната организација во соработка со семејството и заедницата треба да ги дефинира стратегиите по коишто семејството и заедницата како партнери можат да бидат инволвирани во работата на организацијата;
- ВОО, семејството и заедницата како субјекти треба да соработуваат во формирање на акционен тим за етаблирање на програмата за вклучување на семејството;

наставниците да ги идентификуваат активностите коишто се заеднички и вредни за училиштето, учениците, родителите, семејството и заедницата.

**Образование на надарени и талентирани (ЕКТС:4)**

- подобро запознавање со потребите, карактеристиките и начините на едукација на надарените во зависност од нивната возраст.
- • директно да придонесат за имплементирање на програмите за работа со надарените и талентирани ученици
- • можност да се артикулираат потреби на надарените деца;
- • намалување на бројот на пропуштени ученици во текот на селекцијата и идентификацијата;
- • различна перцепција на оваа категорија на ученици од страна на наставници
- • ќе ја афирмира потребата за индивидуализиран и интердисциплинарен пристап во откривање и работа со надарените и талентираните

• самостојно да ги дијагностициираат потреби од подобрувања на третманот на надарените (иновации) и креираат решенија за подобрување на состојбите според конкретните постојни услови.

**Современ англиски јазик 8 (ЕКТС:4)**

Систематизација на познавањата од англискиот јазик во употреба и постигнување на Ц2 ниво

Дополнување на познавањата од англискиот јазик во употреба стекнати до крајот САЈ7

Конкретни цели:

Систематизација и развивање на јазичните вештини:

- Читање и разбирање
- Пишување со разбирливост и успешно пренесување на порака и содржина
- Слушање и разбирање
- Говорење со разбирливост и успешно пренесување на порака и содржин

**Методичка практика во наставата по англиски јазик (ЕКТС:4)**
Студентите ќе се оспособат за целно и рефлексивно набљудување на наставата и ќе ја развијат својата свест за елементите на наставничката компетенција и потребата за нејзин развој. Ќе бидат во можност да ги поврзат теориските (стручни и професионални ) сознанија од релевантните подрачја со конкретни примери од наставната практика.

**Следење и оценување (ЕКТС:4)**
Основна цел на предметот е студентите да се запознаат со научните сознанија од областа на оценувањето на воспитно-образовниот процес и да се оспособат за научна и практична имплементација на стекнатите знаења.

**Контрастивна анализа (ЕКТС:4)**
Студентот се оспособува да прави анализа на граматичките и лексичките одлики на англискиот и на македонскиот јазик, притоа посебен акцент се става на воочување на сличностите и разликите меѓу двата јазични системаи нивните импликациите за наставата по англиски јазик како странски јазик, како и за преведувањето од англиски на македонски и обратно.

**Техники на градење на корпус (ЕКТС:4)**
Програмата за предметот *Корпусна лингвистика* има за цел да ги запознае студентите со начините на формирање корпуси и нивно користење, видовите резултати што можат да се добијат, примената на добиените податоци, како и теоретските промени до кои корпусните истражувања можат да доведат.

**Менторство (ЕКТС:4)**
- Менторството треба да ги подучува студентите на работните вештини;
- Менторството треба да дефинира чувство на идентитет;
- Да и ги отвори видиците на младата личност во фазата кога и претстојат решавање на тешки проблеми и духовно да ја води;
- Да им се помогне на студентите во разбирањето на комплексноста на поучувањето со поддршка од ментор - библиотекар кој има улога на тренер, извор, модел и извршител;
- Менторството треба да ги подготви идните студенти за успешно управување на менторскиот процес;
- Кај студентите да се развијат вештините за набљудување;
- Оспособување на студентите за анализа на менторскиот процес;
- Стекнување на знаења за примена на повеќе ефективни модели на менторство.

**Перманентно образование (ЕКТС:4)**

*Студиската програма придонесува пред се́ кон развојот на следните општи и специфични компетенции:*

- студентот е мотивирани мотивира за доживотно учење
- студентот ги знае и разликува карактеристиките на учење на возрасните и децата
- студентот планира, организира, реализира и евалуира различни облици на перманентно образование
- студентотизбира облици на перманентно образование
- студентотизбира и ги практикува концептите за перманентно учење и образование
- студентотизбира и ги практикува институционални концепти за перманентно образование
- способност за селекција, избор и адаптација на знаењето на возрасниот кој учи
- студентот применува концепти на: учење од рамноправен, водење од рамноправен, помагање и помош на рамноправен, евалуација на и од рамноправен
- студентотизработува индивидуални курикулуми за доживотно учење на наставниците
- студентотизработува индивидуални образовни планови
-студентот гопрепознава, валидира и евалуира сопственото и перманентното образование на другите
- студентот рефлексивно учи
- студентот реализира истражувања на сопственото и перманентното образование на другите